РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр. 08-507/4
11.11.2026

Постапувајќи по претставката бр. 08-507/1 од 28.05.2026 година и претставката заведена под бр. 08-525, поднесени од ---------- за заштита од дискриминација врз основа на национална и/или етничка припадност, во областа на јавно информирање и медиуми и други области определени со закон – социјални мрежи, против ----------, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21 став 1 точка 14 и член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ“ бр. 258/2020), имајќи предвид дека двете претставки се однесуваат на иста правна и фактичка состојба и на ист потенцијален дискриминатор, ги спои постапките и го донесе следното:

М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основа на национална и/или етничка припадност од страна на ---------- во областа на јавно информирање и медиуми и други области определени со закон – социјални мрежи кон лицата кои се идентификуваат како припадници на бугарската национална и/или етничка заедница.

О б р а з л о ж е н и е

Претставките 08-507 и 08-525 се однесуваат на иста правна и фактичка состојба и на истиот потенцијален дискриминатор – ----------. Поради ефикасност и единствено оценување на истите факти и докази, постапката по предметот 08-525 е споена со постапката по предметот 08-507.

Од приложените докази кон двете претставки произлегува дека на 29.4.2026 година на профилот на ---------- на социјалната мрежа Facebook, во контекст на изложба посветена на Априлското востание и објава поврзана со интересот за бугарската историја, била објавена следната содржина: „Масовно, двајца без тројца, баш како и гласањето на нивните парламентарни. Инаку просторов, на Културниот центар, кој бил ‘полн до последно место’, е со големина на трособен стан. Лажна нација, лажна држава, лажен настан...“

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, испрати барање за произнесување до ----------.

Во законски предвидениот рок посоченият како дискриминатор не се произнесе по претставката. Оттука, Комисијата ја донесе одлуката врз основа на поднесените претставки и доставените докази од страна на подносителот.

По разгледување на наводите во претставките и приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај не се

исполнети условите за утврдување дискриминација согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Имено, од приложените докази произлегува дека на 29.4.2026 година, на профилот на ---------- на социјалната мрежа Facebook, во контекст на изложба посветена на Априлското востание и објава поврзана со интересот за бугарската историја, била објавена содржина во која се наведува: „Масовно, двајца без тројца, баш како и гласањето на нивните парламентарни. Инаку просторов, на Културниот центар, кој бил 'полн до последно место', е со големина на трособен стан. Лажна нација, лажна држава, лажен настан...". Подносителите на претставките сметаат дека со ваквата објава се негира и омаловажува националниот идентитет на припадниците на бугарската заедница, поради што ја сметаат за дискриминаторска.

При оценувањето на наводите, Комисијата ја имаше предвид законската забрана за дискриминација врз основа на национална и етничка припадност, како и потребата конкретната содржина да се оцени во контекстот во кој е објавена, имајќи ги предвид нејзината содржина, насоченост и можните последици. Во таа смисла, Комисијата прави дистинкција меѓу изнесувањето критички, спорни или провокативни ставови во врска со историски настани, националниот идентитет и државноста, од една страна, и постапувањето со кое се повредува правото на еднаквост на лица или група лица поради нивната национална или етничка припадност, од друга страна. Имено, фактот што определена изјава може да биде навредлива, непријатна или повредувачка за припадниците на одредена национална заедница не значи автоматски дека со неа е сторена дискриминација. За да се утврди дискриминација, потребно е да постојат фактички околности врз основа на кои може да се заклучи дека конкретното изразување претставува некој од законски утврдените облици на дискриминација, како што се повикување или поттикнување дискриминација или вознемирување врз дискриминаторска основа.

Во конкретниот случај, иако формулацијата „Лажна нација, лажна држава, лажен настан..." е категорична и провокативна и може да биде доживеана како омаловажувачка од страна на припадниците на бугарската национална заедница, од содржината на објавата и доказите приложени кон претставките не произлегуваат доволно елементи за заклучок дека со неа се повикува или поттикнува на дискриминација, се повикува на исклучување или нееднаков третман на припадниците на оваа заедница или се оневозможува еднаквото уживање на нивните права и слободи.

Дополнително, Комисијата укажува дека не е надлежна да утврдува историска вистина, да оценува дали определен историски настан се случил на начин на кој е претставен или да разрешува спорови во врска со историското потекло, националниот идентитет и државноста, како и да навлегува во оценување на научнат исправност на историските интерпретации. Овие прашања се надвор од нејзините законски утврдени

надлежности. Надлежноста на Комисијата во конкретниот случај е ограничена на испитување дали објавената содржина претставува повреда на правото на еднаквост и заштита од дискриминација, независно од тоа дали изнесените историски ставови се точни, неточни или спорни. Оттука, Комисијата не може да донесе заклучок за постоење дискриминација само врз основа на несогласувањето со историските тврдења изнесени во објавата, без да бидат утврдени законските елементи на конкретен облик на дискриминација. Историјата како научна дисциплина се заснова на истражување, критичко разгледување и толкување на историски извори, архивски документи, материјални докази и други релевантни сознанија за настаните од минатото. Историските факти и нивното толкување не се секогаш идентични категории. Имено, различни историчари, научни школи и национални историографии можат да понудат различни интерпретации на исти историски настани, во зависност од достапните извори, научните методи, историскиот контекст и перспективата од која се анализираат.

Притоа, Комисијата има предвид дека историските наративи често претставуваат значаен дел од колективната меморија и националниот идентитет на одделни народи и држави. Оттука, одредена историска интерпретација може да биде прифатена од една национална заедница, а оспорувана или доживеана како неприфатлива од друга. Меѓутоа, самото несогласување со одредена историска интерпретација, нејзиното оспорување или изнесувањето спротивен историски став не претставува автоматски повреда на правото на еднаквост и недискриминација. Во таа смисла, Комисијата не е овластена да утврдува која од различните национални историографии е точна, која историска интерпретација треба да биде општоприфатена или дали определен историски наратив е во согласност со историското разбирање на друга држава или етничка заедница. Прифаќањето на спротивен пристап би значело Комисијата да преземе улога на арбитер во историски и идентитетски спорови, за што нема законски мандат, а со тоа би се создал и ризик институционалната заштита од дискриминација да се претвори во механизам за оценување и санкционирање на историски и политички ставови само поради нивната неприфатливост за одредена група.

Ваквото разграничување е во согласност со судската практика на Европскиот суд за човекови права во примената на член 10 од Европската конвенција за човекови права. Во предметот *Chauvy and Others v. France*, претставка бр. 64915/01, пресуда од 29 јуни 2004 година, Европскиот суд го потврдува принципот дека истражувањето на историската вистина претставува составен дел од слободата на изразување и дека не е негова улога да арбитрира во суштински историски прашања кои остануваат предмет на расправа меѓу историчарите и во јавноста.

Понатаму, во предметот *Perinçek v. Switzerland* [GC], претставка бр. 27510/08, пресуда од 15 октомври 2015 година, особено во параграфите 229–231, Европскиот суд нагласува дека изјавите за историски прашања, вклучително и оние изнесени во јавниот и политичкиот дискурс, по правило се однесуваат на прашања од јавен интерес и

уживаат заштита согласно член 10 од Конвенцијата. При оценувањето на ваквиот говор неопходно е да се земат предвид неговата природа, контекстот во кој е изнесен, насоченоста и евентуалното поттикнување омраза или нетолеранција.

Слично, во предметите *Dink v. Turkey*, пресуда од 14 септември 2010 година, и *Monnat v. Switzerland*, пресуда од 21 септември 2006 година, Европскиот суд ја нагласува важноста на слободната јавна дебата за историските прашања, националниот идентитет и критичкото преиспитување на историските наративи.

Од наведената практика произлегува дека државните органи мора да прават јасна разлика меѓу историската и политичката полемика, од една страна, и говорот кој претставува недозволено поттикнување омраза, дискриминација или друг облик на повреда на правата на припадниците на определена група, од друга страна. Оваа разлика се утврдува преку оценување на конкретната содржина и контекст, а не единствено според степенот на несогласување или навреденост што одредена изјава го предизвикува. Комисијата истовремено нагласува дека повикувањето на историска или политичка дебата не претставува безусловно оправдување за изрази со кои се понижува достоинството на лица поради нивната национална или етничка припадност. За утврдување вознемирување не е неопходно во секој случај да постои изричен повик на насилство, исклучување или нееднаков третман. Потребно е самостојно да се оцени и дали конкретното однесување ги исполнува законските елементи на вознемирување, вклучувајќи го неговото влијание врз достоинството и создавањето заканувачка, непријателска, понижувачка или навредлива средина.
Во конкретниот случај, Комисијата ги разгледа спорните формулации употребени во објавата од 29 април 2026 година, нивниот непосреден контекст, поврзаноста со историскиот настан и фактот дека текстот е објавен јавно, како и доказите доставени од подносителите на претставките. Притоа, Комисијата не ја оценува историската точност на изнесените тврдења, ниту со своето постапување ги прифаќа или потврдува ставовите на авторот. Комисијата оценува дека спорните изрази се остри, генерализирачки и потенцијално омаловажувачки, особено во делот што се однесува на националниот идентитет. Меѓутоа, врз основа на доказите расположливи во конкретната постапка и оценувањето на објавата во целина, Комисијата не утврди доволна фактичка основа за заклучок дека е остварен конкретен законски облик на дискриминација, вклучително и дискриминаторско вознемирување или повикување и поттикнување дискриминација. Оттука, Комисијата нагласува дека неутврдувањето дискриминација во овој предмет не претставува институционално одобрување на спорните изрази, ниту нивна потврда како историски точни. Тоа претставува исклучиво правна оценка дека, врз основа на утврдената фактичка состојба и приложените докази, не се исполнети законските услови за утврдување дискриминација во конкретниот случај. Секое поинакво постапување, со кое постоењето дискриминација би се засновало само врз несогласување со определен историски или национален наратив, без утврдување на законските елементи на дискриминација, би значело неоправдано проширување на надлежноста на

Комисијата и би можело да доведе до несразмерно ограничување на слободата на изразување загарантирана со член 10 од Европската конвенција за човекови права.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата оцени дека, и покрај провокативниот карактер на објавената содржина и можноста истата да биде доживеана како навредлива, врз основа на расположливите докази не се утврдени елементи за да се заклучи дека со објавата е сторена дискриминација врз основа на национална или етничка припадност.

Поради наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација во конкрениот случај.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседателка на Комисијата
Флора Кадриу

Доставено до:

- ----------
- ----------